20101543174

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1 б), член 54 став 1 точка 5 и 7 и член 56 став 1 точка 14 Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28.9.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010 и 122/2010), во табелата во член 2, по пакетот на здравствени услуги со шифра АСК15 - „Проширен специјалистички пакет со контрола и повеќекратна апликација на медикаментозна терапија над пет (5) пати“, се додава следната табела:

АСК16	Писмено стручно мислење (Конзилијарно мислење)	110

Кај пакетот на здравствени услуги со шифра АИМ23 - „Колоноскопија (тотална)“, во третата колона, бројот „1.200“ се заменува со бројот „4.500“.

Член 2

Во Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 122/2010), во член 2 став 2, датумот „01.10.2010“ се заменува со „01.01.2011“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-13703/5
28 септември 2010 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ирфан Хоџа, с.р.